Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Молика со седиште во Пелистер – Национален парк Битола, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДТУРС ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола со седиште во Пелистер – Национален парк – Битола, поднесе Барање бр.УПI 13-98 од 10.3.2023 за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Молика, за хотел од трета категорија со три ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Ивештај бр.УПI 13-98 од 4.5.2022 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три звезди, пропишани со Правилникот за форма и содржина на Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/16).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност ( „Службен весник на Република Македонија бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на усготителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителскта дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 41-4673/6**
**13 јуни 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Владимир Лазаревски, соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| | Никола Пасков, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |

Прилог

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА**
**УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

# ИЗВЕШТАЈ

**за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување, со предлог за определена категорија на угостителскиот објект за сместување**

**Бр. УП1-13-98 од 04 / 05 / 2023 година**

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по барање бр. УП1-13-98 од 10.03.2023 година, поднесено од ДТУ "ЕСП Попчиа" Доол Битола, со адреса Пелистер 58 Национален парк во Битола за утврдување и исполнување услови за категоризација во угостителски објект Хотел Попчки (вид на угостителски објект) Битола - Пелистер со предлог категорија од угостителот од 3 (три) ѕвезди

изврши увид на предметниот објект при што го утврди следното:

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување изврши увид во хотел Попчиа.
Комисијата за категоризација констатира дека угостителскиот објект хотел Попчки - ги исполнува условите за утврдување хотел од предлог категорија со три (3) ѕвезди.

Во врска со утврдената фактичка состојба присутното лице ги имаше следните забелешки:

| | | |
|---|---|---|
| Од наведеното се констатира дека објектот условите за бараната категорија | ☑ ГИ ИСПОЛНУВА | ☐ НЕ ГИ ИСПОЛНУВА |
| Записникот е прочитан на присутните Странки и забелешки: | ☐ ИМА | ☐ НЕМА |

| Учесници во увидот | име и презиме | предложена категорија | потпис |
|---|---|---|---|
| Од Комисијата: | | | |
| 1. | Хевија Камиловски | | [signature] |
| 2. | Алиша Касоуи | | [signature] |
| 3. | Самир Максимовски | | [signature] |
| 4. | Стојне Ристовски | | [signature] |
| 5. | Ивица Огњановски | | [signature] |
| 6. | Гунул Усали | | [signature] |
| 7. | Билент Мустафовски | | [signature] |
| 8. | BEKIM IMVAREMI | | [signature] |
| 9. | NEBI AHMETI | | [signature] |
| 10. | ЛИВРИНИК ОЛИВЕРА | | [signature] |
| 11. | Сунај Јакупов | | [signature] |
| 12. | Димче Лазаревски | | [signature] |
| 13. | Торсин Лазов | | [signature] |
| Од Барателот: | | | |
| 1. | Никола Кировски | | [signature] |

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за угостителската дејност, решавајќи по барањето бр. УП13-98 од 10.03.2023 година, Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување донесе

**ПРЕДЛОГ ЗА КАТЕГОРИЈА**

**на угостителскиот објект за сместување**

1. Се утврдува дека угостителскиот објект Хотел Попчка Пелистер, Битола со седиште на адреса Пелистер 88 - Нижеполе - Битола исполнува условите согласно Правилникот за категоризација на угостителски објекти за хотел од (3) трета категорија со 3 (три) ѕвезди.

2. Составен дел од Извештајот е фотографски документиран материјал кој се користи како доказ за исполнување на условите и стандардите според кој се врши категоризација на угостителскиот објект.

3. Образложение од член од комисијата кој не се согласува со предложената категорија.

04.05.2023

Датум и место

Комисија за категоризација

**Претседател**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

М.П.